ТоплификацијА АД - Скопје
Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија

До

Лондонска б.б.
1000 Скопје
Р. Македонија
Тел.центр: 02/30 97 600
Тел.: 02/30 97 615
Факс : 02/30 36 057
kirovski@toplif.com.mk
www.toplif.com.mk

Датум 16.11.2011

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ЈАВНОСТА

Последните неколку дена еден коментатор на Телевизија Сител, во сите информативни емисии кои тој ги води, има долги коментари против работењето на Топлификација АД. Коментарите покажуваат потполно неразбирање на коментаторот за проблематиката која ја коментира и согласно на тоа се сосема неточни. Но, со тенденциозни инсинуации коментаторот се обидува да нанесе штета на Топлификација АД.

Многу поголема штета нанесува на државните институции, кои ги споменува во своите коментари и на државата во целина со оглед на фактот, дека законските решенија и институциите формирани согласно оваа регулатива за енергетскиот сектор во се ги исполнуваат критериумите на ЕУ стандардите.

Сметаме дека единствена причина за таквите коментари е барањето на Телевизија Сител до Управниот Одбор на Топлификација АД за сериозно намалување на нивните повеќегодишни неплатени обврски за греење. Топлификација АД никому и никогаш не направила такви отстапки па сигурно нема да го направи ниту за Телевизија Сител.

Во врска со нестручните и тенденциозни коментари, адвокатите на Топлификација АД веќе ги прегледаа снимените материјали и сметаат дека има доволно материјал за сериозен судски процес.

Топлификација АД, како прва компанија котирана на официјалниот пазар на Македонската Берза, ги информира своите акционери дека и понатаму сите информации за друштвото ќе бидат навремено објавувани, согласно критериумите за супер котирана компанија, а таквите и слични коментари да ги третираат согласно стручноста на оние кои ги презентираат.

ТОПЛИФИКАЦИЈА АД